# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.166 од 26.12.2012 година**

### Член 1

Во Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија" број 79/2009, 36/11 и 51/11), во членот 10 став 1 алинеја 2 сврзникот „и " се заменува со запирка и се додава нова алинеја 3, која гласи:
„- мерки за вработување на лица кои до 18-годишна возраст имале статус на дете без родители и без родителска грижа,".

### Член 2

Во членот 47 став 1 износот „2.140" се заменува со износот „2.334".
Во ставот 3 точката се брише и се додаваат зборовите: „и претставува основица за висината за социјална парична помош за наредната година."
По ставот 3 се додава нов став 4, кој гласи:
„Во случај кога порастот на трошоците на живот за претходната година се со негативен предзнак, не се врши усогласување на основицата."
Ставот 4 станува став 5.
Ставот 5 се брише.

### Член 3

Во членот 61 алинејата 1 се менува и гласи:
„- за носителот на правото 3.502 денари,".
По ставот 1 се додаваат два нови става 2 и 3, кои гласат:
„Висината на правото од ставот 1 алинеја 1 на овој член се усогласува со порастот на трошоците на живот за претходната година, објавени од Државниот завод за статистика, во јануари за тековната година и претставува висина на правото на постојана парична помош за носителот за наредната година.
Во случај кога порастот на трошоците на живот за претходната година се со негативен предзнак, не се врши усогласување на висината на постојаната парична помош."

### Член 4

Во членот 84-а по ставот 3 се додава нов став 4, кој гласи:
"Министерот поблиску го уредува начинот за остварување на правото на мобилност или слепило, потребната документација, составот на првостепената и второстепената комисија за давање на наод и мислење за потребата за остварување на ова право, формата и содржината на наодот и мислењето и водењето на евиденција за издадените наоди."

### Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", освен одредбите од членовите 2 и 3 кои ќе се применуваат од 1 март 2013 година.